РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК — ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KSHPK — KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 09-163/5
24-12-2021 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 57 седница одржана на 17.12.2021 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот бр. број 09-3516/1 од 08.10.2020 година, оформен по доставена пријава од непознат подносител за лицето ___________ **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување.

Одлуката на ДКСК во анонимизирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 08.10.2020 година, поднесена е пријава за лицето _____________ и оформен е предмет број 09-3516/1 од 08.10.2020 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за ______________ вработена во Влада на место извршен секретар и лична секретарка на националниот координатор во _________________ __________, во месец септември 2020 год формирала т.е е основач и претседател на Здружението за __________________,Скопје.Целта на ова здружение каде таа е претседател е да конкурира на актуелни повици за проекти од меѓународни донатори.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање/а за прибирање информации до Влада на РСМ.

Во законски утврдениот рок од Влада на РСМ добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдено е дека лицето _________не е вработена во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија , а лицето __________ со одлука бр._______ на Владата на Република Северна Македонија од седницата одржана на 04.08.2017 година е именуван за национален кординатор за __________________________.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат, нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

По заклучок на ДКСК
Изготвил: Е.М - советник
Одобрил: С.П.Д - член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје Shkup KOMISIONI SHTETËROR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë së Veriut